ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА) 0800 33 222
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

Дата: 07.10.2013

# СООПШТЕНИЕ

## Реализирана посета на висока делегација од Република Македонија во Сент Денис во Франција за трансплантација

Во Агенцијата за биомедицина во Сент Денис во Франција од 07 до 09 октомври 2013 година се реализира посета на висока делегација од Република Македонија, предводена од директорката на ФЗОМ, м-р Маја Парнарџиева Змејковаја, а во состав: претседателот на Лекарска Комора на Македонија, проф. др. Кочо Чакаларoски, проф. др. Сашо Дохчев, Клиника за урологија и доц. д-р. Игор Николов, Клиника за нефрологија.



Целта на оваа работна посета е подетално запознавање на работата на Агенцијата за биомедицина во Сент Денис во Франција. Македонската делегација ќе може да види каков е процесот на институциите кои ја овозможуваат трансплантацијата во Франција и подобро да се запознаат со сите важните сегменти кои се неопходни за функционирање на трансплантацијата, како од жив донор, така и за кадаверична трансплантација. Истовремено непосредно ќе се види како функционира и софтверот за трансплантација, односно по кои критериуми се прави донороството и трансплантацијата на органи.

Наредниот ден е планиран за посета на Клиниката за нефрологија и Клиниката за ургентни состојби во Свети Луј, Париз при што македонската делегација ќе присуствува на процесот на координација на органодарителство и ќе се сретне со координаторите за трансплантација на Клиниката за нефрологија и Клиниката за ургентни состојби во Свети Луј.

Оваа посета е резултат на соработката која е воспоставена меѓу Агенцијата за Биомедицина од Франција и Фондот за здравствено осигурување на Македонија и е на покана на француската Агенција за биомедицина.

Со почит,
ФЗОМ